ДРУШТВО ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ
КАПИТАЛ АССЕТ МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ - СКОПЈЕ
БР. 02-133
31.07. 2024 год.

Врз основа на Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20, 288/21 и 53/24) и интерните акти на Друштво за инвестиционо советување КАПИТАЛ АССЕТ МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје, преку Управителот, на ден 31.07.2024 донесе:

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ПОСРЕДНО УПРАВУВАЊЕ СО СРЕДСТВА ЗА СМЕТКА НА ИНДИВИДУАЛЕН КЛИЕНТ - СОПСТВЕНИК НА ПОРТФОЛИО И ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Овие Општи услови за вршење работи на посредно управување со средства за сметка на индивидуален клиент сопственик на портфолио и инвестиционо советување (во продолжение: Општи услови) ги одредуваат условите и меѓусебните права и обврски на работење на Клиентите и Друштво за инвестиционо советување (во продолжение: Управувач) при извршување на следните услуги:

- инвестиционо советување која ќе го врши самостојно и
- управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент, посредно преку овластен учесник (во понатамошниот текст: ОУ) кој има дозвола од страна на Комисијата за хартии од вредност за вршење на ваков тип на услуга.

Меѓусебните права и обврски помеѓу Управувачот и Клиентот се уредуваат со писмен Договор за инвестиционо советување или со трипартитен Договор за управување со портфолио на хартии од вредност склучен помеѓу Управувачот, Клиентот и ОУ кој има дозвола од страна на Комисијата за хартии од вредност за вршење на услугата на управување со портфолио на хартии од вредност во име и за сметка на индивидуален клиент, со што договорните страни можат да одредат и дополнителни права и обврски, надвор од претходно одредените обврски со Општите услови.

Управувачот има вработено најмалку едно лице со дозвола за работење на инвестиционен советник.

Инвестициониот советник е задолжен за:

- реализација на инвестиционата политика и целите на Управувачот;
- управување со портфолиото на Клиентот во согласност со целите и политиките на Управувачот;
- следење на случувањата на домашниот и меѓународниот пазар на капитал;
- други задачи во согласност со неговата работна позиција и договорот за вработување.

Ова лице е должно да постапува во согласност со законските и подзаконските прописи и за својата работа му одговара на овластеното лице на Управувачот. Доколку инвестициониот советник со нестручно и/или несовесно работење му нанесе штета на Управувачот, должен е истата да ја надомести.

Член 2

Пред склучување на Договорот за инвестиционо советување, Управувачот пристапува кон идентификација на клиентот, запознавање со профилот на клиентот и неговиот интерес за инвестирање. Истовремено, Управувачот е должен да се обиде да ги добие сите потребни информации од клиентот неопходни за правилно и ефикасно извршување на бараната услуга, како и да изврши проценка на соодветноста на одредена услуга за клиент, со пополнување на обрасците:

- Апликација за регистрирање/ажурирање на клиент
- Прашалник за проценка на соодветноста на одредена услуга за клиент

Пред склучување на Договор за управување со портфолио на хартии од вредност, Управувачот пристапува кон идентификација на клиентот, запознавање со профилот на клиентот и неговиот интерес за инвестирање. Истовремено, Управувачот е должен да се обиде да ги добие сите потребни информации од клиентот неопходни за правилно и ефикасно извршување на бараната услуга, како и да изврши проценка на соодветноста на одредена услуга за клиент, со пополнување на обрасците:

- Апликација за регистрирање/ажурирање на клиент
- Одредување на статус на клиент
- Согласност за пренесување на хартии од вредност од сопственичката на портфолио сметка на Клиент
- Изјава од Клиентот дека е запознаен со Општите услови на ОУ и Општите услови на Управувачот и дека ги разбира условите и ризиците од инволвираноста во тргувањето со финансиски инструменти
- Изјава од Клиентот дека е согласен наплатата на сите трошоци и надоместоци за водење на портфолиото да му се наплатат од средствата на портфолиото;
- Политика на вложување на средствата за сметка на портфолио на индивидуален клиент на Друштвото за инвестиционо советување Капитал Ассет Менаџмент ДООЕЛ Скопје
- Прашалник за проценка на соодветноста на одредена услуга за клиент

Управувачот и Клиентот во Договорот ги внесуваат податоците, кои на Управувачот му се потребни за извршување на услугите од член 1 од овие Општи услови и водење на пропишаната евиденција. При давањето на податоците од страна на Клиентот од претходниот став, се смета дека е дадена согласност во смисла на важечкиот закон за чување на личните податоци и согласност за користење на истите од страна на Управувачот во согласност со важечката законска регулатива.

Управувачот води уредна евиденција за налозите на клиентите, одлуките за тргување како и за реализираните трансакции.

Пред склучување на Договор со клиент, Управувачот ги презема сите мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам предвидени со Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам.

Член 3

Клиентот гарантира за точноста и вистинитоста на сите податоци дадени на Управувачот и одговара за штетата настаната поради неточни, односно невистинити податоци. Управувачот нема да пристапи кон склучување на Договорот, доколку Клиентот одбие да ги даде потребните податоци од претходниот член. Управувачот го задржува правото во секое време да го раскине Договорот и да бара соодветен надомест на штета (ако настанала штета) доколку по склучување на Договорот дознае и се утврди дека Клиентот му дал неточни, односно невистинити податоци.

Член 4

Согласно член 1, став 1, од овие Општи услови, Управувачот се обврзува наведените работи да ги извршува согласно важечките прописи кои го уредуваат работењето со хартии од вредност, на управување со средства за сметка на индивидуален клиент, прописите за девизно работење, прописите од областа на спречување на перење на пари. Управувачот ги извршува услугите во врска со посредно управување со средства за сметка на индивидуален клиент во име и за сметка на клиентот со посебно стручно внимание и како добар стопанственик. Податоците за состојбата и прометот на сметките на Клиентите и другите податоци, дејствија и околности, за кои дознава додека ги извршува услугите, Управувачот ги чува според важечките прописи. Клиентот и Управувачот се обврзуваат, сите податоци и информации кои произлегуваат од или се во врска со договорите направени врз основа на овие Општи услови, да ги чуваат како деловна тајна. Со исклучок, некои од податоците можат да ги обелоденат пред надлежните институции во Р.С. Македонија, а во согласност со постоечката законска регулатива.

Член 5

Управувачот при извршување на услугите наведени во Член 1, во целост внимава на интересите на Клиентот. Управувачот го известува Клиентот за вложувањата и ризиците поврзани со истите, кои се важни за одлуката за Клиентот во врска со услугите и вложувањата во хартиите од вредност.

Вложувањата во хартии од вредност се ризични и може да се случи поради лошите пазарни услови, зависни од односот на пазарите на пари и пазарите на девизи, движењето на каматните стапки, односот на светските пазари на капитал, бонитетот на издавачот на хартиите од вредност и другите влијателни фактори од работењето, при продажба на хартиите од вредност да се даде налог за тргување со хартии од вредност по пониска цена на хартијата од вредност од цената која за неа е платена за време на купувањето. Купувачот на хартиите од вредност е изложен на ризикот на неисполнување на обврските на издавачот и останатите ризици, кои произлегуваат од движењата на пазарот. Помеѓу поважните ризици често се вбројуваат пазарниот ризик, ликвидносниот ризик, ризикот на менување на каматни стапки, кредитниот ризик, ризикот на менување на пазарните услови, ризикот на реинвестирање и ризикот на валута.

Пазарниот ризик е поврзан со движењето на цената на хартиите од вредност, поради што се случува лесно нивната цена при продажбата да е пониска од цената при купувањето, што значи капитална загуба за Клиентот;

Ликвидносен ризик значи купувачот поради недостиг на пари во оптек, хартиите од вредност во бараниот момент да не може да ги продаде, односно ќе ги продаде по пониска цена;

Менување на каматните стапки влијае на цената на хартиите од вредност, уште повеќе на должничките хартии од вредност. Овие хартии се почувствителни на ризикот од реинвестирање на исплатените купони, пред доспевање на хартиите од вредност и на движењето на девизите на пазарите на девизи.

Кредитен ризик се појавува кај должничките хартии од вредност и претставува веројатност издавачот на таквите хартии од вредност да не може да ја извршува обврската која произлегува од овој вид на хартии од вредност.

На менување на пазарните односи влијаат исто така и законодавните правила, уште повеќе во областа на уредување на пазарот на пари и пазарот на капитал, како и во областа на даноците и во областа на меѓународното работење и меѓународниот проток на капитал.

Валутниот ризик е последица на движењето на девизните курсеви, кои лесно се намалуваат или пак целосно ја уништуваат капиталната добивка добиена со продажбата на хартиите од вредност.

Цената на хартиите од вредност односно вредноста на вложувањата во име и за сметка на Клиентот зависи исто така и од глобалните политички односи, политичките односи во одредени региони или пак држави, од природните и еколошките несреќи, војни и други конфликтни ситуации, кризи и други однапред непредвидливи ситуации.

Управувачот не може да му гарантира на Клиентот за добивката од хартиите од вредност и не одговара пред Клиентот или пред било кое трето лице за можната непосредна или посредна штета, обврска и/или загуба настаната како последица од извршувањето на договорите кои се склучени, освен во случаи кои се определени со овие Општи услови,со договорите и/или со другите интерни акти на Управувачот. Исто така Управувачот не презема одговорност за последиците кои се резултат на одлуката на Клиентот за избор на одредена инвестициска политика.

Член 6

Управувачот е должен да му предочи на Клиентот за можен конфликт на интереси помеѓу Клиентот и Управувачот, односно интересите на другите клиенти на Управувачот, при што Управувачот не издава доверливи информации и податоци кои се вбројуваат во деловна тајна. Управувачот го организира своето работење на тој начин што обезбедува ограничување на можниот конфликт на интереси помеѓу Клиентите, Управувачот и вработените на Управувачот на најниско можно ниво. Во случај да дојде до конфликт на интереси на Клиентите со интересите на Управувачот, Управувачот може да го отфрли потпишувањето на Договорот со Клиентот.

## 2. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 7

Висината на надоместоците за вршење на работи на инвестиционо советување и управување со средствата за сметка на индивидуален клиент е регулирана со посебен акт – Тарифник за висина на надоместоци за вршење на работи на инвестиционо

советување и управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент на Друштвото за инвестиционо советување КАПИТАЛ АССЕТ МЕНАЏМЕНТ Дооел Скопје (во натамошниот текст Тарифник на Управувачот).
Тарифникот на Управувачот го донесува и менува Управителот со Одлука. Управувачот го известува Клиентот за измените на Тарифникот на услугите на начин одреден во член 8, став 2 од Општите услови, освен во случај кога Управувачот и Клиентот се договорат на друг начин. Кога надоместокот за извршување на услугите не е одреден со Тарифникот за висина на надоместоци за водење портфолио за сметка на индивидуален клиент, Управувачот и Клиентот го одредуваат тоа со договор.

7.1 Надоместоци за вршење услуга на инвестиционо советување

Клиентот е согласен да врши плаќање на надоместок за вршење на работи на инвестиционо советување, кои паѓаат на товар на клиентот и се утврдени согласно важечкиот Тарифник на Управувачот.
Вкупниот надоместок за инвестиционо советување клиентот го уплаќа на трансакциска сметка на Управувачот, во согласност со Договорот за инвестиционо советување

7.2 Надоместоци за вршење услуга на посредно управување со портфолио на хартии од вредност

Влезна провизија - Управувачот наплаќа влезна провизија во висина од 0% до 5% + ДДВ во зависност од видот на портфолиото (динамично, балансирано, конзервативно) и тарифниот модел кај динамичното портфолио. Клиентот се согласува да му се наплати влезна провизија на вкупно инвестираните средства (пари и/или хартии од вредност). Влезната провизија се пресметува со примена на формулата:

влезна провизија = вкупно инвестирани средства(пари и/или хартии од вредност) x % на влезна провизија

Провизија на успех – Управувачот наплаќа провизија на успех од 0% до 30% + ДДВ на вкупната добивка која ќе се утврди во пресметката и тоа зависно од видот на портфолиото (динамично, балансирано, конзервативно) и тарифниот модел кај динамичното портфолио. За пресметка на провизија на успех се применува следната формула:

ПУ = [ВП(t) – ВП(max)] x % на ПУ каде што:

ПУ = провизија на успех
ВП(t) = вредност на нето имотот на индивидуалното портфолио на крајот на периодот
ВП(max) = највисока пресметана вредност на имотот на индивидуалното портфолио

Пример за пресметка на провизија на успех:

- Управувачот наплатува 20% провизија за успех
- Почетна вредност на портфолио = МКД 100,000.00

| | 31/03 | 30/06 | 30/09 | 31/12 |
|---|---|---|---|---|
| ВП(t) | 120.000 | 110.000 | 140.000 | 170.000 |
| ВП(max) | 100.000 | 120.000 | 120.000 | 140.000 |
| ПУ | 4.000 | 0 | 4.000 | 6.000 |

Управувачка провизија - Управувачот наплаќа годишна управувачка провизија во висина од 1% до 2% + ДДВ, во зависност од видот на портфолиото (динамично, балансирано, конзервативно) и тарифниот модел кај динамичното портфолио која се пресметува врз основа на месечната нето вредност на Портфолиото, а по следната формула:

Утврдената нето вредност на портфолиото на последен ден од месецот* годишна управувачка провизија/12

Висината на секоја од провизиите е утврдена во Тарифникот за висина на надоместоци за вршење на работи на инвестиционо советување и управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент на Упраувачот.

Член 8

Овие Општи услови му се достапни во секое време на Клиентот во деловните простории и на официјалната интернет страна на Управувачот.
За менување на Тарифникот и Општите услови, Управувачот го известува Клиентот со објавување на истите на видно место во просториите на Управувачот и/или со објава на официјалната интернет страна. Доколку Клиентот пред извршување на следната трансакција односно најдоцна до 15 дена од објавата не поднесе приговор, се смета дека се согласува со нивната содржина.
Доколку Клиентот даде приговор во определениот рок од претходниот став ќе се смета дека го откажал договорниот однос.
Рокот за откажување изнесува 15 дена од преземање на писмениот приговор на Клиентот.

Член 9

Ако со овие Општи услови, со договорот за управување со портфолио на хартии од вредност и/или договорот за инвестиционо советување или законските одредби не е определено поинаку, Клиентот самиот е одговорен за плаќањето на даноците, таксите и другите јавни давачки поврзани со посредно управување со портфолио и/или инвестиционо советување.

Член 10

Времето на траење на договорениот однос Управувачот, Клиентот и ОУ го одредуваат со договор. Сите измени и/или дополнувања на Договорот се вршат по писмен пат со склучување Анекс и со заедничка согласност на договорните страни.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ПОРТФОЛИО НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 11

Посредното управување со средствата ги опфаќа услугите на Управувачот да ги инвестира паричните средства на Клиентот во хартии од вредност или да ги превземе под посредно управување хартиите од вредност сопственост на Клиентот и да управува со портфолиото во согласност со договорената политика на вложување и со цел диверзификација на ризикот.

Со склучување на Договорот за управување со портфолио на хартии од вредност, Клиентот е должен да одбере една од понудените политики на вложување кои ги нуди Управувачот.

Клиентот ја одбира политиката на вложување на начин што во посебен документ - ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за сметка на портфолио на индивидуален клиент на Друштвото за инвестиционо советување КАПИТАЛ АССЕТ МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје (во натамошниот текст: Политика на вложување), ја заокружува одбраната стратегија. Овој документ – Политика на вложување претставува составен дел на Договорот за управување со портфолио на хартии од вредност.

Член 12

Во Договорот за управување со портфолио на хартии од вредност, Управувачот, Овластениот учесник и Клиентот ги определуваат и следниве точки:

- износот на парични средства што клиентот му ги доверува на Управувачот за посредно управување;
- политиката на вложување на клиентот;
- изјава на клиентот во која наведува дека ги разбира условите и преземените ризици од инволвираноста во тргувањето со финансиските инструменти;
- видот, содржината и фреквенцијата на доставување на извештаите за извршените активности од страна на Управувачот за посредно управување до клиентот;
- висината на надоместоците за вршењето на работи на посредно управување со средствата за сметка на индивидуалниот клиент и начин на пресметување на истиот; и
- можност за клиентот да го раскине договорот.

Член 13

Управувачот ја одредува политиката на вложување така што се определуваат:

- вид на вложувања и
- други околности, кои се важни за одредување на степенот на ризик на вложувањата.

Клиентот самостојно ја донесува одлуката за политиката на вложување, додека Управувачот не презема никаква одговорност за последиците од оваа одлука на Клиентот.

Клиентот исто така може да одреди политика на вложување на тој начин што одлуката за нејзино формирање би го препуштил на процена на Управувачот. Во овој случај Управувачот е должен политиката на вложување да ја формира на начин за кој мисли дека најдобро ќе одговара на интересите на Клиентот. Вложувањата во хартии од вредност се ризични, за што Клиентот мора да биде свесен и да ги прифати ризиците, како што е наведено во член 5 од Општите услови, а ова е причината поради која Управувачот не гарантира профит од управувањето.

Член 14

Управувачот не ја сноси одговорноста во случај кога Клиентот покрај хартиите од вредност што ги поседува со Портфолиото кое е управувано од Управувачот, поседува хартии од вредност во портфолиа водени од други посредници на пазарот на капитал или поседува други хартии од вредност како резултат на индивидуално купување на Клиентот, а кој за истите хартии од вредност не го известил писмено Управувачот и со тоа без претходно знаење на Управувачот е надминат лимитот за поседување на акции за кои е потребно да се спроведе процедура согласно Законот за преземање на акционерски друштва, Законот за Банки или други закони.

Член 15

Трошоците и провизиите кои се наплаќаат согласно Тарифникот на Овластениот Учесник, провизијата за берзата и провизијата за ЦДХВ согласно нивните соодветни важечки тарифници ги наплаќа Овластениот учесник во моментот на реализација на трансакциите. Овие трошоци паѓаат во целост на товар и се наплатуваат од портфолиото на клиентот веднаш и тоа на начин со тоа што вредноста на транскацијата при купување се зголемува, а при продавање се намалува за износот на надоместоците и трошоците.

ОУ за сите провизии и надоместоци кои му припаѓаат на Управувачот, дефинирани во член 7, точка 7.2 од овие Општи услови, изготвува пресметка, која ја доставува до Управувачот, а Управувачот ја доставува до клиентот. Клиентот е должен да ја плати во рок од 14 дена по доставата. Доколку клиентот не ја плати во предвидениот рок, ОУ го задржува правото на наплата на обврските на клиентот од паричните средства на клиентот на наменската сметка кај ОУ. Во случај клиентот да нема доволно парични средства за порамнување на обврските, Управувачот го задржува правото да продаде хартиии од вредност и од продажбата ОУ да ги намири обврските.

Овластениот учесник ги исплаќа средствата од наплатените провизии кои му припаѓаат на Управувачот, по доставување на фактура од страна на Управувачот.

Овластениот Учесник доставува пресметка за наплата на влезна провизија во рок од 5 дена од денот на уплатата на паричните средства и/или преземањето на хартиите од вредност под управување до Управувачот. Управувачот ја проследува пресметката до Клиентот. Управувачот врз основа на истата пресметка изготвува фактура кон Овластениот Учесник.

Овластениот Учесник доставува пресметка за наплата на провизија на успех до Управувачот во рок од 15 дена од денот на завршување на кварталот, а Управувачот истата ја проследува до Клиентот. Управувачот врз основа на таа пресметка изготвува фактура кон Овластениот Учесник.

Овластениот Учесник доставува пресметка за наплата на управувачка провизија до Управувачот во рок од 15 дена од денот на завршување на месецот, а Управувачот истата ја проследува до Клиентот. Управувачот врз основа на таа пресметка изготвува фактура кон Овластениот Учесник.

Овластениот Учесник доставува пресметка за наплата на излезна провизија до Управувачот во рок од 5 дена од поднесувањето на писмено известување за раскинување на Договорот или од денот на поднесеното барање за делумна исплата од портфолиото, а Управувачот истата ја проследува до Клиентот.

Управувачот врз основа на таа пресметка изготвува фактура кон Овластениот Учесник.
Овластениот учесник на Управувачот му испраќа квартален извештај не подоцна од 15 дена по завршување на кварталот со следната содржина:

- пресметка на вредноста на портфолиото;
- квартален преглед на почетната и крајната состојба на портфолиото;
- квартален преглед на приносот на портфолиото;
- квартален преглед на наплатените провизии и надоместоци;
- квартален преглед на сите извршени трансакции на квартална основа,

Управувачот на Клиентот му испраќа квартален Извештај не подоцна од 20 дена по завршување на кварталот со следната содржина:

- пресметка на вредноста на портфолиото;
- квартален преглед на почетната и крајната состојба на портфолиото;
- квартален преглед на приносот на портфолиото;
- квартален преглед на наплатените провизии и надоместоци;
- квартален преглед на сите извршени трансакции на квартална основа,

Датумот на известување на Клиентот се наведува во Договорот за управување со портфолио на хартии од вредност. Известувањата се испраќаат на избраниот начин на контакт од клиентот наведени во Договорот.

## 4. ПРЕСМЕТКА НА ВРЕДНОСТА НА ПОРТФОЛИОТО

Член 16

Овластениот учесник пресметката на вредноста на портфолиото ја врши според последната објавена цена на инструментите во кои се вложени средствата.
Овластениот учесник ја пресметува вкупната вредност на портфолиото на клиентот со последниот ден од месецот.
Вкупната вредност на портфолиото на денот на вреднување претставува збир на вредноста на сите видови средства. Нето вредноста на портфолиото се пресметува врз основа на пазарните вредности на хартиите од вредност со одземање на утврдените обврски. Паричните средства и хартиите од вредност, коишто се изразени во странска валута се пресметуваат во МКД според официјалниот среден курс на НБРСМ на денот на пресметката на вредноста на портфолиото.
За сопственичките и долгорочни должнички хартии од вредност со кои се тргува на регулирани пазари за објективна вредност на денот на пресметката се смета официјалната дневна цена на определена хартија од вредност постигната на регулиран пазар.
Добивката на Клиентот е разликата помеѓу вредноста на Портфолиото на денот на утврдување и на највисоката пресметана вредност на Портфолиото во претходните пресметковни периоди. При пресметката се земаат во предвид сите уплатени и исплатени парични средства во и од Портфолиото и предавањето на хартиите од вредност во и од Портфолиото во периодот за кој се утврдува добивката.
Дивидендите и каматите кои произлегуваат од инвестирањето на средствата се вклучуваат во вкупната вредност на Портфолиото на денот на стекнување на правата над истите.
Вредноста на Портфолиото на Клиентот се утврдува четири пати во одделна календарска година и тоа според состојбата на ден 31 март, 30 јуни, 30 септември и 31 декември. За објективна вредност на хартиите од вредност вклучени во портфолиото за цел на пресметка ќе се смета официјалната дневна цена на определената хартија од вредност постигната на регулиран пазар на последниот ден од кварталот за кој се прави пресметката.

## 5. ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА ВО ПОРТФОЛИО

Член 17

Портфолиото на Клиентот го сочинуваат уплатените парични средства и предадените хартии од вредност на управување. Почетниот износ на портфолиото се одредува како збир од уплатените парични средства на Клиентот и предадените хартии од вредност. При тоа цената на хартиите од вредност се утврдува според последната официјално објавена цена на регулираниот пазар.
Почетното портфолио на Клиентот врз основа на Договор го утврдува Овластениот учесник и во рок од два работни дена по префрлање на Договорените парични средства и хартии од вредност на Клиентот се издава пресметка за почетната вредност на портфолиото само доколку во портфолиото се внесуваат хартии од вредност.
Тековната вредност на портфолиото на Клиентот се утврдува според последната официјално објавена цена на регулираниот пазар за секој инструмент поединечно.

Член 18

Доколку Клиентот ја зголемува вредноста на портфолиото со уплаќање на парични средства односно со префрлање на хартиите од вредност во портфолиото, новата вредност на портфолиото се утврдува, така што се почитува највисоката пресметана вредност на портфолиото на Клиентот пред зголемувањето, зголемена за сумата од парични средства и префрлените хартии од вредност, кои се вреднуваат во согласност со претходниот член. Овластениот учесник прави пресметка за новата вредност на Портфолиото.

Член 19

Доколку Клиентот ја намалува вредноста на портфолиото по негово барање, Управувачот ги продава хартиите од вредност од портфолиото и ги префрла паричните средства на трансакциска сметка на Клиентот или му ги предава хартиите од вредност од портфолиото. Новата вредност на портфолиото се утврдува така што се почитува највисоката пресметана вредност на портфолиото на Клиентот пред намалувањето, намалена за сумата од паричните исплаќања или предадените хартии од вредност, кои се вреднуваат во согласност со член 16 од овие Општи услови. Овластениот учесник прави пресметка за новата вредност на Портфолиото.

Член 20

При раскинување на Договорот за управување со портфолио на хартии од вредност, Овластениот учесник во рок од 10 (десет) работни дена сметано од денот на поднесување на писменото известување, со кое се откажува договорот, изработува и доставува Извештај со пресметки на сите провизии и

Член 20

При раскинување на Договорот за управување со портфолио на хартии од вредност, Овластениот учесник во рок од 10 (десет) работни дена сметано од денот на поднесување на писменото известување, со кое се откажува договорот, изработува и доставува Извештај со пресметки на сите провизии и надоместоци согласно Тарифниците и Општите услови на ОУ и Управувачот, а Управувачот истиот го доставува до клиентот.
Клиентот, во отказниот рок, преку Управувачот доставува до Овластениот учесник податоци за својата лична старателска сметка во финансиска институција чувар на имот по сопствен избор на која Овластениот учесник ќе може да ги префрли хартиите од вредност од странските пазари од Старателската сметка за хартии од вредност на Овластениот учесник кај Чуварот на имот, на старателската сметка во финансиската институција чувар на имот по избор на Клиентот. Хартиите од вредност од домашниот пазар кои се на портфолио сметката на Клиентот ќе се префрлат на неговата сопственичка сметка во ЦДХВ. Доколку во портфолиото на Клиентот има парични средства кои се наоѓаат на Старателската парична сметка на Овластениот учесник кај Чуварот на имот, истите ќе се префрлат на Наменската парична сметка на Овластениот учесник и од таму заедно со сите преостанати парични средства на Клиентот, кои доколку веќе се наоѓаат на Наменската сметка на Овластениот учесник, ќе се префрлат на трансакциската сметка на Клиентот.

## 6. ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

Член 21

Услугите на инвестиционото советување ги опфаќаат советувањето на Клиентот при вложување на средствата во сопственост на клиентот.
Врз основа на инвестиционото советување Клиентот самостојно донесува одлука за вложување на средствата во негова сопственост. Вложувањата во хартии од вредност се ризични, затоа Клиентот мора да е свесен и треба да го прифати ризикот, како што е наведено во член 5 од овие Општи услови. Затоа Клиентот и покрај инвестиционото советување кое го нуди Управувачот, при продажба на хартијата од вредност за чие купување се одлучил врз основа на инвестиционото советување, може да биде продадена по пониска цена од онаа која ја платил при купувањето.
Кога надоместокот за извршување на услугите не е одреден со Тарифникот за висина на надоместоци за водење портфолио за сметка на индивидуален клиент, Управувачот и Клиентот го одредуваат тоа со договор.

## 7.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 22

Евентуалните спорови од Договорните односи, кои се темелат врз овие Општи услови, Клиентот и Управувачот ќе ги решаваат спогодбено.
Доколку спогодбено не го решат спорот договорните страни истиот ќе го решаваат пред надлежниот суд во Скопје.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Доколку некоја од овие одредби е спротивна на важечките законски и подзаконски прописи, истата ќе биде заменета со нова, а во секој случај ќе се применуваат законските и подзаконските прописи.

Член 24

Во случај на промена на соодветните прописи и/или одлуки на било кој орган на власта, односно орган со јавни овластувања, кои влијаат на исполнувањето на обврските на Управувачот според овие или во врска со овие Општи услови (во продолжение: промена на прописи), Управувачот според сопствена проценка и одлука има право:

- да ги промени, односно дополни овие Општи услови; и
- да го откаже наведениот Договор во случај на несогласување на Клиентот со тие промени.

Член 25

Управувачот сите промени, односно дополнувања на овие Општи услови ги објавува на својата интернет страница, при што промените, односно дополнувањата на Клиентите им се на располагање за увид и во деловните простории на Управувачот.

Член 26

Овие Општи услови почнуваат да важат од денот на нивното донесување, односно од 29.06.2022. Со донесување на овие Општи услови престануваат да важат Општите услови донесени на 24.09.2021 година.

Управител

ДРУШТВО ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ ... PITAL ... MANAGEMENT ... КАПИТАЛ АСЕТ МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ - СКОПЈЕ